**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН**

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/8
16.10. 2025 год.
СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

**БРОЈ 265**

**Скопје, 16.10.2025**

# С О Д Р Ж И Н А:


1. Рецензија за избор на еден наставник, во сите наставно-научни звања, од научните области: 5.09.01.02 - Применета кинезиологија и 5.09.01.04 - Друго спортски менаџмент)....................................................................................4608
2. Рецензија за избор на еден наставник, во сите наставно-научни звања, од научните области: 6.02.01.16 - Англиски јазик и 6.02.01.28 - Општа лингвистка..................................................................................................4613

**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА – ФОН, Скопје**
**ФАКУЛТЕТ ЗА СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ**

**До ННС на Факултетот за спортски менаџмнет**

# РЕЦЕНЗИЈА

**ЗА ИЗБОР/ РЕИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НА НАСТАВНИК НА УНИВЕРЗИТЕТОТ**

## ПОДАТОЦИ ЗА КОНКУРСОТ, КОМИСИЈАТА И КАНДИДАТИТЕ

1. *Одлука за распишување на конкурсот, органот и донесување на одлука*
   **Конкурсот е распишан со одлука на седницата НН Совет на Факултетот за спортски менаџмент одржана на 30.06.2025 година.**
2. *Датум и место на објавениот конкурс*
   **Конкурсот е објавен на 14.07.2025 година во весникот Нова Македонија, Скопје.**
3. *Број на наставници кои се бираат, звање и потесни научни области за кои е распишан конкурсот*
   **Еден наставник, во сите наставно-научни звања на работно место наставник на универзитетот од научните области:**
   - **Применета кинезиологија (5.09.01.02) и**
   - **Друго – спортски менаџмент (5.09.01.04).**
4. *Одлука за формирање на комисија*
   **Одлуката за формирање на Комисија за избор/реизбор во сите наставно-научни звања е донесена на ННС на Факултетот за спортски менаџмент на 27.08.2025 година.**
5. *Состав на комисијата со име и презиме на секој член, звање и потесна научна област:*
   1. **Др. Магдалена Дамјановска, Редовен професор, потесна научна област Кинезиологија, претседател,**
   2. **Др. Роберт Димитровски, Редовен професор, Институт за менаџмент на знаењето, Скопје, член,**
   3. **Др. Александар Поповски, Редовен професор, потесна научна област Кинезиологија, Факултет за спортски менаџмент, Скопје, член.**

## II БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТИТЕ

1. *Име, име на едниот родител и презиме*:
   **Тања Стевчо Китановска**
2. *Звање*
   **Вонреден професор**
3. *Датум и место на раѓање, адреса*:
   **08.10.1980, Куманово, Македонија, ул. Биљановска бр.89А, Куманово**
4. *Високообразовна установа во која моментално е вработен и професионален статус:*

**АУЕ-ФОН, Факултет за спортски менаџмент, Вонреден професор од областите Применета кинезиологија и Друго (Спортски менаџмент), Скопје**

**5.** *Година на упис и завршување на високото образование, универзитет, факултет, стечен стручен односно академски назив*:

**А)*Основни студии – 2003 год.* ДИПЛОМИРАН СПОРТСКИ МЕНАЏЕР со професионална квалификација ТРЕНЕР ПО СПОРТСКИ ТАНЦИ. Дипломирала на тема: „Оптимизирање на тренажниот процес по Стандардни танци на 12-15 годишни натпреварувачки во Р. Македонија“.**Национална Спортска Академија „Васил Левски“ Софија, Р. Бугарија;

**Б) *Магистерски студии – 2005год.* МАГИСТЕР ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ. Магистрирала на тема: „Функционална асиметрија на ученици кои се занимаваат и кои не се занимаавaат со спортски танци во Р. Македонија“.** Национална Спортска Академија „Васил Левски“ Софија, Р. Бугарија;

**В) *Докторски студии* – 2014год. ДОКТОР НА НАУКИ ПО СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ. Докторирала на тема: „Менџмент на мркетингови стратегии на студентски спорт“. Нучно подрачје: Општествени науки. Потесно научно подрачје Педагогија, Катедра „Менаџмнет и историја на спортот“.**

**6.** *Професионална област*

- **Национален лиценциран судија по спортски танци**, издадена врз основа на Законот за спорт на РМ., број:12-18/23.02.2008 ;
- Од 2004 година – соработката сеуште трае, тренерска и менаџерска активност во Танцов спортски клуб „Динамик“ Куманово;
- 2005-2007 година, **надворешен соработник по спортски игри и танци на деца од предучилишна возраст** во градинката „Ангел Шајче“ во Куманово;
- Од 2005-2007 година, учесник во тимот за анкетирање и мониторинг за успешност на работата во средните училишта низ Р. Македонија – USAID;
- Од 2007 година асистент на Факултетот за спорт и спортски менаџмент на Првиот Приватен Универзитет ФОН - Скопје;
- Од 2010 година, Претседател на Танцов Спортски Клуб „Динамик“ Куманово;
- Од 2010 година, **член на Општински Сојуз на спортови, Куманово**;
- Од 2015 година, Доцент на Факултетот за спортски менаџмент на Првиот Приватен Универзитет ФОН – Скопје;
- **Мастер лиценца за Танцов спортски тренер**, издадена врз основа на Законот за спорт на РМ, 01.06.2019 г., број 15-19/20.02.2019;
- **Од 2020 година, Вонреден професор на Факултетот за спортски менаџмент на АУЕ-ФОН;**
- **Regional Youth Cooperation Office** – RICO – „Scoring Development Conference“, (Октомври 2024);
- **Панелист на јавна дебата за „Спортот како општо добро“ и значењето на спортскиот маркетинг и менаџмент во унапредување на квалитетот на заедницата**, ТАКТ – Together Advancing Common Trust (Ноември 2024);
- **Спортски симпозиум** – Today`s Sport, (Ноември 2024).

**7.** *Место и траење на специјализација и студијски престој во странство*

**Двегодишни дополнителни специјалистички студии (2003-2005) на Националната Спортска Академија „Васил Левски“, во текот на четиригодишните основни студии. СПЕЦИЈАЛИСТ ПО СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ. Тема на специјалистичкиот труд: „Можности за оптимизирано управување на клуб по спортски танци“.**

**8.** *Знаење на странски јазици*

**Средно ниво Англиски јазик;**

**Високо ниво Бугарски јазик;**
**Високо ниво Србски јазик;**

9. *Информатика*
   **Познавање и работа со WORD, EXEL, POWER POINT (PPP) и CANVA**

## III НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

**Научно истражувачки трудови објавени во последните пет години (2020-2025):**

**1. Kitanovska Stojkovska, T.**, „*Conflict situations in sport clubs – municipality of Stip*“, International journal „Knowledge“, Vol.49.5 Conference 17-18.12.**2021.**
https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/5148
**2. Kitanovska Stojkovska, T**., Sara Dimovska, Vesna Jovanova Simeva, „*Macedonian sport organizations and their promotion through the prism of digital networks*“, International jurnal Knowledge, Vol.43 Conference, Bansko 15-17.12.**2023.**
https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/6406
**3. Kitanovska – Stojkovska, T., Pantekovska, L.** “Program for management of sport activities at universities”. GIRR International Conference. Šabac, **2024**, str.352-359.
http://girr.vpssa.edu.rs/wp-content/uploads/2024/06/Book-of-Proceedings-2024.pdf
**4. Tanja Kitanovska Stojkovska,** Jovanova S. V., „*Innovations, learning and knowledge – challenges of sport federations and sport clubs*“, 16ti Megjunarodni simpozij Sport I zdravje, ISSN: 2303-8551, Tuzla, **2024**, str. 28.
https://mega.nz/file/tMtxzTQC#Yf_Ff8ZiAL9Xj6A7397hixbITZuy8JSEESN-G4Fs8Ck
**5. Kitanovska T.,** Trajchev D., Popovski A., „Differences in the anthropological space of traditional and innovative (tandem) classes in physical education“, Avgust (**2024**) *KNOWLEDGE - International Journal* , *65*(2), 233–239. Retrieved from https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/6920
**6. Kitanovska Stojkovska,** T., & Sali, F. (**2025**). THE ROLE OF INSPECTION SUPERVISION IN THE WORK OF THE SPORT CLUBS OF THE CITY OF SKOPJE. *KNOWLEDGE - International Journal* , *68*(1), 233–239. Retrieved from https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/7131
**7. Kitanovska Stojkovska, T.,** Pantekovska, L., Stavrevski, F., **(2025)**, PEOPLE'S HEALTH THROUGH TRAINING PROCESS IN FITNESS CENTERS, GIRR International Conference. Šabac, 2025, str.304-313.
https://www.raps.rs/wp-content/uploads/2025/05/GIRR-PROCEDINGS-2025.pdf

## IV ПЕДАГОШКИ СПОСОБНОСТИ И ПРИДОНЕС ВО НАСТАВАТА

1. Сегашна наставна работа (за реизбор во Вонреден професор)
   Професор на **наставната програма Спортски менаџмент**, на додипломски, специјалистички и посдипломски студии во кои има задолжителни и изборни предмети.

➢ Насока Спортски менаџмент (економски факултет) додипломски студии:
   1. Универзитетски предмети: ***Спорт и здравје 1*** - прва година, прв семестар, ***Спорт и здравје 2*** - прва година, втор семестар, фонд 1+3;
   2. ***Управување на спортот во образованието***, прва година – втор семестар, фонд 2+4, задолжителен предмет;
   3. ***Спортски маркетинг***, втора година – трети семестар, фонд 2+4, задолжителен предмет;
   4. ***Менаџмент на спортски случувања***, трета година – пети семестар, фонд 2+2 задолжителен предмет и изборен во четврта година насока бизнис менаџмент;

➢ Насока Спортски менаџмент (економски факултет) специјалистички и посдипломски студии:

5. ***Администрација во спортот***, четврвта година – седми семестар, фонд 2+4;
6. ***Менаџмент на маркетинг стратегии на спортот во образованието***, петта година – десети семестар.

## V РАКОВОДЕЊЕ И МЕНТОРСТВО ВО ИЗРАБОТКА НА ЗАВРШНИ РАБОТИ

1. **Дипломски работи –** над десет менторства во последните пет години.
2. **Специјалистички трудови –** две менторства во последните пет години.
3. **Магистерски трудови –** четири менторства во последните пет години.

## VI ПРИДОНЕС ВО АКАДЕМСКАТА И ПОШИРОКА ЗАЕДНИЦА

1. Претседател на Комисија за признавање на испити при Факултетот за спортски менаџмент, АУЕ -ФОН Универзитет од 2015 год.;
2. Член на ННС при Факултет за спортски менаџмент – ФОН Универзитет од 2007 г;
3. Претседател на Комисија за самоевалуација на Факултетот за спортски менаџмент,2017 год.
4. Член во Комисија за уписи на студенти.
5. Член на Сенат при АУЕ – ФОН од 2019.

## VII АНАЛИЗА НА РАБОТАТА НА КАНДИДАТОТ

**Однапред наведените податоци, како и познавањето на работата на кандидатот и дозволува на Комисијата да заклучи дека се работи за кандидат кој поседува успешена наставно-педагошка работа, кандидат кој своите научно-истражувачки способности успешно ги интегрира во високо образовниот процес.**
**Кандидатот Проф. д-р Тања Китановска Стојковска поседува коректен, праведен, критички и педагошки исправен став кон студентите и колегите, што е одлика на современ наставник. Ваквиот став и способност за наставна работа придонесува високо мислење на студентите и колегите за кандидатот. Кандидатот совесно ги исполнува своите работни обврски, така што со својата работа и однесување ужива углед, доверба и поддршка во средината во која работи. Кандидатот има самокритичен однос кон сопствената работа, а во воспоставувањето соработка со потесната и поширока средина во која работи покажува кооперативност и одлична комуникација.**
**Анализата на објавените трудови ни дозволува да заклучиме дека кандидатот одлично владее со методите на анализа, селекција, приказ и статистичка обработка на податоци, дискусија и имплементација на добиените резултати во праксата, односно наставната работа во областа на кинезиологијата и спортскиот менаџмент. Публикуваните научни трудови како и учеството на домашни и меѓународни научни конференции и стручни симпозиуми, укажува дека се работи за наставник и образовен работник кој има потенцијал за унапредување на научната мисла.**
**Според сето горе наведено, работното искуство во образовниот процес, научно-истражувачката активност, односот кон колегите и студентите ја комплетиррат успешната универзитетска кариера на кандидатот и овозможуваат на Комисијата да констатира дека кандидатот проф. д-р Тања Китановска Стојковска ги исполнува сите услови за реизбор во звање Вонреден професор во научна област Применета кинезиологија (5.09.01.02) и Друго – спортски менаџмент (5.09.01.04).**

**VIII ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТОТ ВО ОДРЕДЕНО ЗВАЊЕ**

- **Комисијата едногласно му предлага на Наставно научниот совет на Факултетот за спортски менаџмент, кандидатот Проф. д-р Тања Китановска Стојковска да се избере/ реизбере во звање Вонреден професор во научна област Применета кинезиологија (5.09.01.02) и Друго – спортски менаџмент (5.09.01.04).**

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈТА:**

**Проф. д-р Магдалена Дамјановска, с.р. (претседател)**

-------------------------------------------------------

**Проф. д-р Роберт Димитровски, с.р. (член)**

-------------------------------------------------------

**Проф. д-р Александар Поповски, с.р. (член)**

-------------------------------------------------------

**Р Е Ф Е Р А Т**

**за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања**
**на Факултетот за странски јазици**
**при Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Република Северна Македонија**

Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Република Северна Македонија, на својата редовна седница одржана на 29.09.2025 година, донесе одлука за формирање рецензентска комисија во состав: проф. д-р Лилјана Митковска, проф. д-р Татјана Срцева-Павловска и доц. д-р Габриела Неделкоска, за избор на еден наставник во сите звања на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа – ФОН во Скопје.

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен на 14.07.2025 година се има пријавено д-р Ана Арсовска (родена Јанкуловска), како единствен кандидат. Откако ја разгледавме пријавата и доставената документација го подготвивме следниот извештај за биографијата, наставната и научноистражувачката дејност и поширокиот општествен ангажман на кандидатката.

**Биографски податоци**

Д-р Ана Арсовска, род. 1992 год., во 2014 год. дипломирала Англиски јазик, наставна насока, со француски јазик под Б, на Факултетот за странски јазици при Универзитетот ФОН со просечен успех 10.00. На постдипломските студии на насоката Применета лингвистика на Факултетот за странски јазици при Универзитетот ФОН се запишала по дипломирањето, во 2014 год. Предвидените испити ги положила со просек 10.00. Во 2016 год. ја одбранила магистерската теза под наслов „J.K. Rowling's Glossopoeia in the Harry Potter series" и се стекнала со научен степен Магистер по применета лингвистика. Во текот на постдипломските студии (од 2014 до 2016 год.) била практикант за група предмети од сферата на англискиот јазик, англиски јазик за странци и француски јазик на Факултетот за странски јазици - Универзитет ФОН, Скопје. По магистрирањето, во 2016 год., била избрана за лектор по англиски јазик со познавање на француски јазик на Факултетот за странски јазици - Универзитет ФОН, Скопје.

Следната година, 2017, се запишала на докторски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, на студиската програма Наука за јазикот, каде што, откако ги положила предвидените испити и учествувала на предвидените семинари и работилници со свои презентации, на 10. јануари 2025 година успешно ја одбранила докторска дисертација на тема „Англиските *get*-конструкции и нивните еквиваленти во македонскиот јазик" под менторство на проф. д-р Елени Бужаровска. Дисертацијата на д-р Ана Арсовска претставува оригинален труд од областа на синтаксата и семантиката базиран на теориските поставки на конструкциската граматика. Во трудот се претставени резултатите од истражувањето на англиските конструкции со глаголот *get* во

комбинација со нефинитна глаголска форма и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик. Истражувањето се раководи според две основни цели: да се откријат функционалните разлики на формално слични *get*-конструкции во англискиот јазик и да се утврдат јазичните форми што им одговараат на тие конструкции во македонскиот јазик. Двете цели се во потполност постигнати со длабока анализа на богат и автентичен материјал кој се состои од околу 2200 екцерпирани примери од литературни преводи од англиски на македонски јазик. Сето тоа придонело кон изработка на оригинален научен труд кој има теориско значење и практична вредност во домашната научна средина и пошироко. Во трудот се обработува еден многу актуелен сегмент од современиот македонски и англиски јазик, што претставува придонес за подлабокото разбирање на улогата на конструкциите во јазикот. Дополнително, анализата на преводните еквиваленти открива значајни типолошки разлики меѓу англискиот и македонскиот јазик како и нови сознанија за формалното изразување на каузалноста и дијатезата во македонскиот јазик. Покрај теорискиот придонес, резултатите на истражувањето ќе најдат примена во наставната и преведувачката дејност.

Во 2020 г. Ана Арсовска е избрана за виш лектор по англиски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитетот ФОН, каде што изведува лекторски вежби по англиски јазик, како и вежби по стручни предмети од областа на англиската лингвистика.

**Професионално искуство**

Веднаш по дипломирањето м-р Ана Арсовска почнува со стекнување работно искуство во наставата по странски јазик. Во 2014 год. е ангажирана како практикант за група предмети од сферата на англискиот јазик, англиски како странски јазик и француски јазик на ФСЈ при Универзитетот ФОН. По изборот за лектор во 2016 таа е целосно вклучена во наставата на ФСЈ, како за лекторски вежби така и за вежби по предметите Фонетика и фонологија, Лексикологија, Синтакса и Контрастивна анализа на АЈ и МЈ. Во својата педагошка активност се истакнува со особена посветеност, систематичност и методичност. Кандидатката крајно професионално ги исполнува своите обврски во сите задолженија.

Покрај наставната работа, таа е безрезервно вклучена во сите активности при АУЕ-ФОН универзитетот, како подготовка на програми, распореди, тестирање на кандидати и други организациски работи. Таа е исто така вклучена и во активностите на ниво на Универзитетот ФОН, особено во проектот „Фабрика на знаење" каде била еден од менторите на тимот за Музејот на Современата Уметност – Скопје во 2017, тимот за извршување на задача за Град Скопје во 2018, а во 2019 е поставена за координатор на тимот за ЕСМ. Исто така, таа е член на комисијата за самоевалуација на ФСЈ.

**Професионален развој**

Покрај ангажираноста во изведувањето на наставата, д-р Ана Арсовска покажува впечатлив степен на самоиницијативност и доследност и во своето континуирано вложување во професионалниот развој, кој по завршувањето на вториот циклус на студии се насочува кон теориски и практично-едукативни цели. Изборот на докторски студии од областа Наука за јазикот е потврда за нејзиното насочување кон лингвистичко-теориски истражувања. Во таа насока е и учеството на обуката за истражувачки методи (Quantitative and mixed methods in writing research) организирана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје во мај

2018 и посетата на Летна лингвистичка школа во Кромериж, Република Чешка во август истата година, како и учеството со свој труд („Употреба на инфинитив или глаголска именка кај македонските изучувачи на англискиот јазик“) на Десеттиот научен собир на млади македонисти одржан во Скопје 2018 г.

Во рамките на педагошко-едукативниот развој се вклучува нејзиното учество на две професионални работилници со теми од методиката на изведување настава по странски јазик. Обуката „Стандардизација на оценувањето“ е одржана во декември 2016 г во организација на Британскиот совет во Скопје, а работилницата под наслов „Зајакнување на јазичните компетенции на идните наставници по странски јазик со имплементирање на ЗЗРРЈ (Заедничката европска референтна рамка за јазиците) е одржана во јануари 2020 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Посветеноста на научна работа од областа на теоретската и применетата лингвистика на д-р Ана Арсовска, покрај со високите квалитети на изработената докторска дисертација, се докажува и со нејзиното активно учество на научни собири и работата на научни и научно-стручни публикации. Во периодот по изборот за виш лектор во 2020 г, учествувала со реферати на различни теми на неколку меѓународни научни конференции, самостојно или во соработка: во септември 2023 г., на 50. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. УКИМ – Охрид; во април 2025 г на Меѓународна конференција „English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice“ (ESIDRP) – Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје; во август 2025 г. на 52. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. УКИМ – Охрид; во септември 2025, на меѓународната конференција SinFonIJA 18, на Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје. Во текот на овој период ги има издадено и следните статии во референтни професионални списанија:

Арсовска, А. (2020). Употребата на инфинитив или глаголска именка како дополнение на фазните глаголи кај македонските изучувачи на англискиот јазик. *Визионе,* 35, 23-29.

Arsovska, A. (2020). J. K. Rowling's Glossopoeia in the Harry Potter Series – Lexical and Etymological Analysis. *Vizione,* 35, 39-51.

Mitkovska, L., Arsovska, A. (2023). Macedonian Translation Equivalents of the English *Get*-Passive. *Journal of Contemporary Philology*, 6 (2), 7-25.

Arsovska, A., Mitkovska, L. (2024). Middle Diathesis Marking in English: Evidence from Macedonian Translation Equivalents. *Palimpsest*, Vol. 9 No. 17., 15-25.

Покрај овие трудови д-р Ана Арсовска е вклучена во неколку проекти за изработка на статии и книги од нејзините области на интерес, на кои тековно работи. Таа работи како коавтор на следниве статии: Past Participle *get*-constructions in English and their Macedonian equivalents, Indirect causation: English *get*-constructions and their Macedonian equivalents, Македонските еквиваленти на англискиот перфект – анализа на книжевни преводи, Difficulties with Spatial Prepositions in L2 English: Crosslinguistic Insights from Macedonian Learners и L1 influence on verb patterns: Evidence from Macedonian learners of English. Освен тоа, моментално работи и како коавтор на учебник за Контрастивна анализа на англискиот со македонски јазик, а исто така е и коавтор на книгата „Читањето не е бауч“, која е влезена во крајната фаза за печат. Во оваа книга се зборува за читачките навики на учениците и студентите.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид квалификациите на пријавената кандидатка, д-р Ана Арсовска, како и нејзините теориски интереси и нивното успешно поврзување со примарната област на стручен и научен интерес, поткрепени со приложената документација, понатаму постигнатите резултати во наставата по англиски јазик, целокупниот ангажман во административното работење на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, како и континуираната научно-стручна надградба и публикации, Комисијата дојде до заклучок дека д-р Ана Арсовска е квалитетен кандидат кој целосно ги исполнува условите на конкурсот за избор во наставно-научно звање од областите 6.02.01.16 - Англиски јазик и 6.02.01.28 - Општа лингвистика (според Фраскатиевата класификација) на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа – ФОН.

Покрај стручните квалификации, како личност д-р Ана Арсовска се одликува со позитивни карактерни квалитети. Таа е систематична и има крајно совесен и професионален однос кон работата. Тоа се потврди и во текот на нејзината работа на нашиот факултет во учебната 2014/2015, 2015/2016 година како предавач на повеќе предмети од сферата на англиски јазик, англиски јазик за странци и француски јазик. Ја запознавме како комуникативна личност, секогаш отворена и подготвена за соработка. Плени со позитивниот пристап и умее да воспостави убав однос како со студентите така и со колегите.

Врз основа на горенаведеното, чест и задоволство ни е да му предложиме на ННС при Американскиот универзитет на Европа – ФОН да ја избере д-р Ана Арсовска во насловно наставно-научно звање Доцент за научните области 6.02.01.16 - Англиски јазик и 6.02.01.28 - Општа лингвистика.

Скопје

06.10.2025

Рецензентска комисија:

1. проф. д-р Лилјана Митковска, с.р.

________________________________

2. проф. д-р Татјана Срцева-Павловска, с.р.

________________________________

3. доц. д-р Габриела Неделкоска, с.р.

________________________________